ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ПАЗАРИ
Бр. 03-101/1
09.05.2025 год.
БИТОЛА

Изработува: ЈП „Пазари"-Битола

И З В Е Ш Т А Ј

за работењето на

ЈП „П А З А Р И" - Б И Т О Л А

ЗА

первото тромесечие од 2025 година
(01.01.2025 - 31.03.2025)

Битола,Април 2025 год.

С О Д Р Ж И Н А

1. Динамика на структурата на остварениот приход.

2. Динамика на трошоците по место на настанување.

3. Динамика на остварен резултат.

Согласно со член 5 став 2 и 3 од Законот за Јавни претпријатија изготвуваме тримесечен извештај за финансиското работење на ЈП„Пазари"-Битола.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ПАЗАРИ"-БИТОЛА ЗА ПРВОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ОД 2025 ГОДИНА

(период 01.01.2025 до 31.03.2025 год.)

1.ДИНАМИКА НА СТРУКТУРАТА НА ОСТВАРЕН ПРИХОД ЗА ПРВОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ОД 2025

ТАБЕЛА БР.1

Динамика на приходи за прво тромесечие од 2025 со споредбени показатели за2024

Ред. бр.	Е Л Е М Е Н Т И	Остварено за период 01.01.-31.03.24	Остварено за период 01.01.-31.03.25	разлика 25/24
1	Приходи од продажба на услуги на домаш. пазар	2917750	2675704	-242046
2	Приходи од наемнина	1874708	1775554	-99154
3	Приходи од наплатени отпиш. поб. и вонредни при	9792	0	-9792
4	Приходи од донации и помошти	0	2000000	2000000
5	Приходи од претх.год.и прих по судски одлуки	21086	1650	-19436
	ВКУПНО	4823336	6452908	1629572

Во табела бр. 1 напоредно се прикажани остварените приходи за првото тромесечие од 2025 година со споредбени показатели за истиот период во 2024 година

Основните приходи ЈП „Пазари" ги остварува од продажба на услуги на домашниот пазар и од наплата на наемнината. Движењето на приходите од основната дејност во табела бр.1 се евидентирани под реден број 1 и 2. Приходите под реден број 3,4,5,6 се менливи категории и имаат варијабилен карактер од година во година. Тука влегуваат приходите од наплатени отпишани побарувања, приходи од донации и помошти, приходите од поранешни години, приходи од вишок на произведена ел.енергија, приходите по основ на осигурување и приходи од употреба на сопствени стоки и сл.

Динамика на расходи за првото тромесечие од 2025 со споредбени показатели за2024

ТАБЕЛА БР.2

Ред. бр.	конто	ЕЛЕМЕНТИ	остварено од 01.01 до 31.03.2024	остварено од 01.01 до 31.03.2025	% на учество	разлика 24/23
1	4000	Потрошени суровини и материјал	20366	3500	0,05	-16866
2	4010	Потрошен канцелариски материјал	12508	7408	0,10	-5100
3	4011	Потрошени средства за хигиена и дезинфекција	9001	9690	0,14	689
4	4030	Потрошена електрична енергија	233191	181803	2,55	-51388
5	40301	Дистрибуција на ел.енергија	57099	32177	0,45	-24922
6	4031	Потрошени дрва -пелети	23835	16793	0,24	-7042
7	4032	Потрошен бензин	5912	3220	0,05	-2692
8	4110	Трош. за ПТТ услуги (телефон и интер.услуги)	47319	59293	0,83	11974
9	413	Услуги за одржување (тековни одржувања)	61920	93404	1,31	31484
10	41390	Услуги за обезбедување на имот		7500	0,11	
11	4150	Трошоци за вода	35489	86526	1,21	51037
12	4151	Трошоци за губре	154053	154053	2,16	0
13	4152	Трошоци за канализација	12107	30255	0,42	18148
14	4158	Ветеринарни,санитарни и слични услуги	15000	5000	0,07	-10000
15	419	Останати услуги (регистрација и огласи)	14491	10657	0,15	-3834
16	41990	Услуги од Агенција за вработување	967489	1063737	14,90	96248
17	421	Вкалкулирани плати (нето плата)	3268729	3351915	46,96	83186
18	4211	Даноци и придонеси од плата	1624885	1668657	23,38	43772
19	4220	Опремнина	121529		-	-121529
20	440	Дневници за службени патувања,паркинг и сл	1894		-	-1894
21	4416	Трошоци за стручно образование и семинари	4000		-	-4000
22	442	Надомест на др. трошоци.(трош. за У.О и Н.О)	126666	129443	1,81	2777
23	443	Трошоци за спонзорства	30340	31542	0,44	1202
24	444	Трошоци за репрезентација	19111	11780	0,17	-7331
25	445	Премии за осигурување	64490	90027	1,26	25537
26	4461	Банкарски услуги	15451	14731	0,21	-720
27	447	Данок на имот и права,член. на комори	8892	18463	0,26	9571
28	44792	Административни и судски такси	2100	120	0,00	-1980
29	449	Адв.и нотарски усл.,вештач.,проценка на вред.	8000	8000	0,11	0
30	4492	Трошоци за книги,дневни и неделни весници	14276	14276	0,20	0
31	4497	Др. нематер. трошоци и останати трошоци	4044	10961	0,15	6917
32	4660	Отпис и исправка на нематеријални вожувања		14612	0,20	14612
33	4749	Камати врз основа на останати обврски		7700	0,11	7700
		ВКУПНО	6984187	7137243	100,00	145556

Табелата број 2 ја прикажува динамиката на трошоците по носители за првото тромесечие од 2025 година со споредбени показатели за истиот период од 2024 година, каде што видливо е зголемувањето на трошоците за платите на вработените .

3. ДИМАМИКА НА ОСТВАРЕНИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА ПРВОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ОД 2025 ГОДИНА СО СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

ТАБЕЛА БР.3

Ре. бр.	Е Л Е М Е Н Т И	за првото тромесечие од 2024г.	за првото тромесечие од 2025г.
1.	Вкупен приход	4.823.336,-	6.452.908,-
2.	Вкупно расходи	6.984.187,-	7.137.243,-
3.	Загуба од работењето за прво тромесечие	2.160.851,-	684.335,-

Горната табела ја прикажува структурата и распределбата на деловниот резултат за првото тромесечие од 2025 година споредбено со истиот период во претходната година. Овде треба да напомениме дека деловниот резултат во многу зависи од временските услови за овој период од што директно зависи изложувањето на количината на земјоделски производи на пазарот.

Негативните ефекти се состојат во се помалиот број на наши корисници кои излегуваат на пазарот со што се намали и количината на стока која се изложува, а со тоа се намалува и бројот на склучени договори за закуп.

И покрај ваквите потешкотии претпријатието работи на работ на ликвидноста и рентабилноста и се потешко ги сервисира своите обврски кон доверителите. Во наредното тромесецие очекуваме состојбата да се подобри, а со тоа очекуваме зголемени приходи од наплата со што ке се подобри и деловниот резултатат од работењето на претпријатието.

Битола,

29.04.2025

ВД ДИРЕКТОР

До:
Управен Одбор на
Ј.П. „Пазари„ – Битола

М И С Л Е Њ Е

Од Надзорен Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Ј.П. „Пазари“ – Битола.

На одржаната 26 та редовна седница на ден 09.05.2025 година по разгледувањето на Тримесечниот Извештај за работењето на Ј.П. „Пазари - Битола за првото тромесечие од 2025 година (01.01.2025 год. до 31.03.2025 год.), Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење даде **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за усвојување на Тримесечниот Извештај за работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола за првото тромесечие од 2025 година за периодот од 01.01.2025 год. до 31.03.2025 год.

02-97/3
Битола,
09.05.2025 год

Претседател на Надзорен Одбор
на Ј.П. „Пазари“ – Битола

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПАЗАРИ“ 1 БИТОЛА

Љубе Никлески

Врз основа на член 13 од Статутот на Ј.П. „Пазари“ – Битола, Управниот Одбор на својата 48 – мата редовна седница одржана на ден 09.05.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Тримесечниот Извештај од работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола (01.01.2025 год. до 31.03.2025 год.)

1. СЕ УСВОЈУВА ВО ЦЕЛОСТ Тримесечниот Извештај од финансиското работење за првото тромесечие од 2025 година (01.01.2025 год. до 31.03.2025 год.)

2. Извештајот од работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола е составен дел на оваа Одлука

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

4.По еден примерок од Одлуката да се достави до архивата, сметководството и до Совет на Општина Битола.

02-79/3
Битола,
09.05.2025 год.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПАЗАРИ“ 1 БИТОЛА

Претседател на Управен Одбор
на Ј.П. „Пазари“ - Битола

Владимир Крстевски